**2024037922**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 206 став (1) алинеја 12 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ШТО ГИ ИЗДАВА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

I. Во Решението за цените на обрасците што ги издава Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/15, 190/17 и 26/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 187/21, 204/22, 264/23, 2/24 и 26/24), во дел I по ставот 3 се додаваат три нови става 4, 5 и 6, кои гласат:

„Цената на образецот на возачката дозвола утврдена во дел I став 1 точка 6 од ова решение, нема да се наплатува кога се врши замена на важечка возачка дозвола со натпис „Република Македонија“, со нова возачка дозвола со натпис „Република Северна Македонија“, до 31 декември 2024 година.

Цената на образецот на сообраќајната дозвола за возило утврдена во дел I став 1 точка 14 од ова решение, нема да се наплатува кога се врши замена на важечка сообраќајна дозвола за возило со натпис „Република Македонија“, со нова сообраќајна дозвола за возило со натпис „Република Северна Македонија“, до 31 декември 2024 година.

Цената на образецот на сообраќајната дозвола за трактор утврдена во дел I став 1 точка 15 од ова решение, нема да се наплатува кога се врши замена на важечка сообраќајна дозвола за трактор со натпис „Република Македонија“, со нова сообраќајна дозвола за трактор со натпис „Република Северна Македонија“, до 31 декември 2024 година.“

II. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-19692/1
14 февруари 2024 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски,** с.р.